## Конкурс за ангажирање на ОБУЧУВАЧ ЗА ТРЕНИНГ НА ТЕМА: ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ И ПРИБИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (FUNDRAISING) ВО НВО

### 1. За Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност

Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на 116 локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите.

За спроведувањето на својата програма за 2023 НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија. Во согласност со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родова рамноправност и почитување на човековите права во Република Северна Македонија. Специфично во текот на 2023 година со поддршката обезбедена од ЕУ НСРР ќе се стреми кон:

- Зајакнување на ефективноста, ефикасноста, транспарентноста, отчетноста и одржливоста на мрежата и нејзините регионални центри;
- Намалување на родово-базирано насилство, насилство врз жената и семејно насилство и реинтеграција на жртвите од родово-базирано насилство, насилство врз жената и домашно насилство;
- Зголемување на стапката на економски зајакнати жени и намалување на јазот на платите помеѓу мажите и жените;
- Еднакво учество на жените во политичкиот и јавниот живот и во сите сфери на општеството;
- Вклученост и активно учество на жените во процесите за градење мир, преговори и донесување одлуки при справување со кризи;
- Вклученост и активно учество на жените во процесите на прилагодување кон климатските промени.

Спроведувањето на активностите од годишната програма е предвидено да биде следено од страна на надворешен експерт/ка.

### 2. Опис на работни задачи и испорачани услуги

Обучувачот/ката треба да подготви и испорача дводневен тренинг за “финансиски менаџмент и прибирање на средства (fundraising) за НВО “ наменет за 10 учеснички од 5зре женски организации од мрежата на Национален совет за родова рамноправност.

Главната цел на обуката е учесниците да се стекнат со знаења за фискалните правила, буџетирање и правилно управување со организациските трошоци, што претставуваат неопходни аспекти за одржливо, ефективно и ефикасно функционирање на организациите. Исто така, учесниците ќе се стекнат со знаења за прибирање на финансиски средства, видовите на стратегии и создавање на патоказ за прибирање на средства.

Обучувачот/ката ќе треба да развие методологија за спроведување на тренингот која ќе понуди комбинација од теорија и вежби за практична примена на теоријата. Од обучувачот се очекува во координација со раководителката на проектот да ја развие програмата за обуката како и алатки за оцена.

**Програмата за обуката треба да ги понуди/опфати следните тематски целини:**

1. Поим за финансиски менаџмент – цели, функции, значење за организацијата;
2. Финансиско планирање – дефинирање на цели, спроведување на анализи, развивање на финансиски план;
3. Управување со трошоци – видови на трошоци, елементи на трошоци, набавки.
4. Стратегии за финансиска одржливост;
5. Изработка на финансиски извештаи – видови на извештаи и нивните елементи, внатрешна контрола на финансиите во организацијата;
6. Поим за прибирање на средства (fundraising) и создавање на план за прибирање на средства;
7. Формулирање и презентирање на привлечна аргументација кон донаторите;
8. Идентификување и воспоставување врски и комуникација со изворите на финансирање;
9. Видови на стратегии за прибирање на средства;
10. Чекори за изработка на стратегија за прибирање на средства;
11. Начини на прибирање на средства.

**3. Специфични активности и очекувани резултати:**

Обучувачот/ката треба да ги реализира следниве активности:

- Развивање програма за обуката;
- Да подготви презентации и вежби кои ќе ги сподели со проектниот тим, пред спроведување на обуката;
- Да ја спроведе обуката;
- Да развие и предложи методологија за оценка на обуката;
- По спроведената обука да подготви и поднесе извештај најдоцна 7 работни дена по завршување на истата;

**4. Времетраење и период на спроведување на активностите**

За овој ангажман се предвидени два работни дена. Обуката треба да се реализира во втората половина на месец март 2023 година.

Обуката ќе се спроведе на **македонски јазик**.

**5. Квалификации и барања кои треба да ги задоволи обучувачот/ката**

Од обучувачот/ката се очекува да ги исполни следниве критериуми:

Општо професионално искуство

- Високо образование во областа на општествените науки;
- Постдипломски и докторски студии ќе се сметаат за предност;
- Минимум 10 години работно искуство.

Специфично професионално искуство и вештини

- Искуство во спроведување обуки (предност имаат оние кои имаат искуство со испорака на обуки за предвидените теми) ;
- Испорачани најмалку пет обуки поврзани со темата на овој тренинг;
- Искуство во работата со претставници од женски граѓански организации;
- Одлично познавање на македонски јазик;
- Способност за работење со кратки рокови и навремено испорачување на услуги.

**6.Пријавување и избор**

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Професионално CV;
- Писмо за искажување на интерес;
- Методологија (план за задачата);
- Листа од три лица и нивни контакти за препорака од слични ангажмани;
- Финансиска понуда, која вклучува надомест по ден во бруто износ изразена во македонски денари, со вклучен персонален данок на доход.

Пријавите треба да се достават најдоцна до **17.03.2023** година на е-пошта: sozm@t.mk, teazografska@gmail.com и stankovikmartina@gmail.com , со предмет: Апликација за **ОБУЧУВАЧ ЗА ТРЕНИНГ ЗА ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ И ПРИБИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (FUNDRAISING) ВО НВО .**

Критериуми за избор на обучувачот/ката се претходното релевантно професионално искуство, квалитетот на предложената методологија и финансиската понуда. Доколку има потреба кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор може да бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.